## CPT- Комитет за спречување на тортура

## Спречување на лошо постапување со лица кои се лишени од нивната слобода во Европа

Комитетот за спречување на тортура ги посетува местата за притвор, за да процени како се постапува со лицата кои се лишени од слобода. Тие места вклучуваат затвори, центри за притвор на малолетници, полициски станици, центар за задржување на притвореници имигранти, психијатриски болници, домови за социјално згрижување, итн.

Делегациите на CPT имаат неограничен пристап до местата за притвор, и право да се движат внатре во тие места без ограничување. Тие лично ги интервјуираат лицата кои се лишени од слобода и слободно комуницираат со секој кој може да обезбеди информации.

По секоја посета, CPT испраќа детален извештај до засегнатата држава. Во извештајот се вклучени наодите на CPT, како и препораките, коментарите и барањата за информации. Исто така, CPT бара детален одговор на прашањата кои се наведени во извештајот. Овие извештаи и одговори претставуваат дел од тековниот дијалог со засегнатата држава.

Полниот назив на CPT е "Европски комитет за спречување на тортурата и нечовечно и деградирачко постапување или казнување". Така се истакнуваат две важни карактеристики: прво, опфатот е на европско ниво, и второ, не само што ја опфаќа "тортурата", туку и низа на други ситуации кои може да претставуваат "нечовечко или деградирачко постапување или казнување".

## Соработка и доверливост

Принципите на соработка и доверливост се составен дел од меѓународниот договор ("Конвенцијата") врз основа на кој е основан Комитетот за спречување на тортурата (CPT).

- Соработката со националните власти е во срцта на работата на Комитетот за спречување на тортура, бидејќи целта е да се заштитат лицата кои се лишени од слобода наместо да се осудуваат државите за нивната злоупотреба.
- Доверливоста е уште една карактеристика на работата на Комитетот за спречување на тортурата: наодите и извештаите на Комитетот и реакциите на владите во основа се доверливи. Сепак, голем дел од информациите за работата на Комитетот за спречување на тортура се јавни.

## Структура на Комитетот за спречување на тортурата

- Членовите на Комитетот за спречување на тортурата се независни и непристрасни експерти со различни професии, вклучително и правници, медицински доктори и специјалисти за затвори и полиција.
- Еден член се избира од страна на Комитетот на министри на Советот на Европа во однос на секоја држава членка. Членовите постапуваат во свое индивидуално својство (т.е. тие не ја претставуваат државата во однос на тоа за што биле избрани.) За да се гарантира нивната независност, членовите не ја посетуваат земјата во однос на која биле избрани.
- Секретаријатот на Комитетот за спречување на тортурата претставува дел од "Генералниот директорат за човекови права и правни работи" на Советот на Европа.

## Основни информации

- Комитетот за спречување на тортурата беше основан врз основа на “Европската конвенција за спречување на тортурата и нечовечно или деградирачко постапување или казнување” на Советот на Европа, која стапи во сила во 1989.
- Тоа се надградува на член 3 од Европската конвенција за човекови права, според кој “Никој не треба да биде изложен на тортура или деградирачко постапување или казнување”.
- Комитетот за спречување на тортурата не претставува истражно тело, туку обезбедува вон-судски заштитни механизми за да се заштитат лицата кои се лишени од слобода  од тортура или други форми на лошо постапување. Оттаму, тоа ја надополнува работата на Европскиот суд за човекови права.